бе бе саем
за трудници, бебиња, родители и деца

**САЕМСКА ПРИЈАВА/**
**ДОГОВОР ЗА ИЗЛАГАЊЕ**

**Краен рок за поднесување**
**20 Април 2012 год.**

**Организатор и изведувач:**
АМК Панекс
Јане Сандански 64-2/10
1000 Скопје,Македонија
Тел:++389 2 3133 188
Факс:++ 389 2 3122 729
Е-пошта:bebesaem@yahoo.com
Ж-ро с-ка: 210 050203100175
Тутунска Банка АД Скопје

**Организатор:**
Интернатионал Експо Гроуп
Трифун Пановски 3Б/2-6
1000 Скопје,Македонија
Моб:++389 70 217 131
Е-пошта:bebesaem@yahoo.com
Ж-ро с-ка: 210 063877720183
Тутунска Банка АД Скопје

Манифестација:**БЕБЕ САЕМ**
www.bebesaem. mk
Локација:Спортски центар
“Борис Трајковски”
бул,,8ми Септември,, бб
1000 Скопје

| | |
|---|---|
| **1.ПОЛНО ИМЕ НА ИЗЛАГАЧОТ** | |
| Адреса и поштенски број | |
| Матичен број | Даночен број |
| Тековна сметка | |
| Телефон | Факс |
| Е-пошта | Хттп |
| Контакт лице | |
| Моб | Тел |
| Е-пошта | |

| | |
|---|---|
| **2. ЗАДОЛЖИТЕЛНА УПИСНИНА ВО КАТАЛОГ** | |
| Во цената за задолжителна уписнина вкалкулирано е место во официјалниот каталог на БЕБЕ саемот, со логотип и основни информации до 60 збора, како и линк на web страната www.bebesaem.mk/излагачи | 30 Евра<br>+ 18% ДДВ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3. НЕОТПОВИКЛИВ ЗАКУП НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР** | | м2 | ЕВРА/м2 |
| а)Изложбен простор без изработка на стандарден штанд | - отворен простор | | 35 Евра<br>+18% ДДВ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| □ | | ---------- | |
| б) Изложбен простор со изработка на стандарден штанд тип А (6м2)<br>□ | -Ѕидови<br>-1 пулт( 1 x 0.5 x 0.9)<br>-1 шанк столица<br>-3 полици<br>-Бренд 1.5 x 0.5<br>-1 рефлектор<br>-Теписон<br>-1 штекер<br>-Корпа за отпадоци | ---------- | 67 Евра<br>+18%ДДВ |
| в) Изложбен простор со изработка на стандарден штанд тип Б (10м2)<br>□ | - Ѕидови<br>-1 пулт( 1 x 0.5 x 0.9)<br>-1 шанк столица<br>-5 полици<br>-Маса со 3 столици<br>-Бренд 1.5 x 0.5<br>-2 рефлектори<br>-Тeписон<br>-3 штекери<br>-Корпа за отпадоци | ---------- | 67 Евра<br>+18%ДДВ |
| г) Изложбен простор со изработка на стандарден штанд тип Ц (24м2)<br>□ | -Кујна 1 м x 1м<br>-1 пулт( 1 x 0.5 x 0.9)<br>-1 шанк столица<br>-6 полици<br>-Бренд 1.5 x 0.5<br>-4 рефлектори<br>-2 маси со 6 столици<br>-Теписон<br>-Држач за лифлети<br>(рекламен материјал)<br>-4 штекери<br>-Корпа за отпадоци | ---------- | 67 Евра<br>+18%ДДВ |
| | | ком | Евра/ком |
| Дополнителна опрема | | | |
| Краток опис на производите кои ќе се излагаат или продаваат | | | |
| Опис на дејноста на фирмата | | | |

Вкупна цена за горенаведените ставки изнесува ________________+18 %ДДВ

Одобрен попуст за направена рана резервација од 20% во износ од________________

Одобрен попуст за закупени _____м2 во висина од _____% во износ од_______________.

Со оваа апликација се задолжувам да уплатам 50% од вкупната сума_____________ со која сум задолжен по основ на горенаведената нарачка во износ од ______________ денари + 18% ДДВ не подоцна од _____________2012 год.

Остатокот од вкупната фактурирана сума за учеството на БЕБЕ саемот задолжително треба да се уплати најдоцна до ____________ 2012 год.

Доколку наведените рокови за плаќање за кои се вкалкулирани попусти не се испочитуваат , одобрениот попуст ќе биде дофактуриран.

Надоместокот е даден во Евра, а плаќањето е во денарска противвредност на еврото според берзанскиот курс на денот на фактурирањето.

Приоритет во позиционирање во халите ќе имаат компаниите според редоследот на примени уплати.

Испратете го Вашето лого и опис за њеб страната на е-пошта: bebesaem@yahoo.com

Потврдувам дека сум запознаен со правилата и условите за учество на БЕБЕ саем и се согласувам со нив

| Датум | Потпис и печат |
| --- | --- |
| | |

## Договор за општите услови за излагање на БЕБЕ саемот во Скопје

Член 1

Договорените страни согласно утврдуваат дека предмет на овој договор е закуп на внатрешен изложбен простор, во Спортски центар "Борис Трајковски" во Скопје, кој организаторот му го дава на излагачот на користење за време на одржување на манифестацијата ,,БЕБЕ саем,, , која ќе се одржи во период од 04-06 мај 2012 година. Податоците за излагачот, големината и цената на изложбениот простор се наведени во горниот дел од овој документ. Наведениот излагачки простор е во потполност резервиран дури по целосно уплатената договорена сума за излагачки простор.
Во цената за закуп вклучени се и следниве услуги и наем на опрема, а кои организаторот е обврзан да му ги обезбеди на излагачот:

- Изложбен простор
- Систем октанорм конструкција според типот на избраниата опција
- Внес на име, адреса и изложбена позиција во службениот каталог на саемската манифестација

Вкупната сума за закупнина излагачот се обврзува да ја уплати по добивањето на фактурата,на АМК Панекс Скопје, жиро сметка 210 050203100175, Тутунска Банка АД Скопје, Даночен бр. MK4030995229480 или на Интернатионал Експо Гроуп, жиро сметка 210 063877720183, Тутунска Банка АД Скопје, Даночен бр. MK40300803918.

Распоредот на излагачите, организаторот го изработува зависно од позицијата на спонзорите, големината на изложбениот простор како и излагачките производи тематски сортирани.

Член 2

Излагачот изјавува дека на својот изложбен простор ќе ги излага следниве производи т.е. услуги:

Производи/услуги:______________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________

Излагачот не смее да го одстапи својот закупен простор на друг без согласност на организаторот, ниту на својот изложбен простор да излага производи и услуги кои не се договорени, односно не се негова регистрирана дејност, туку се услуги и производи на некоја друга компанија која на оваа манифестација не учествува како излагач.

Член 3

Организаторот обезбедува соодветно обезбедување на изложбениот простор вон работното време од 20:30 до 09:00 часот (следниот ден).
Излагачот е обврзан да обезбеди овластено лице на својот изложбен простор за секој од саемските денови и тоа од 09:00 до 20:30 часот за време на службеното работно време на манифестацијата. Доколку од времето на престанување на организираното обезбедување не се појави иста, организаторот не ги сноси последиците и не одговара за настанатата штета на излагачот.

Член 4

Излагачот се обврзува да го почитува својот, со овој договор, закупен простор, и не смее да го проширува. Доколку се утврди дека излагачот прекршил некоја од наведените одредби од овој договор, должен е по налог на организаторот да се врати на својот означен простор.
Договорните страни согласно утврдуваат дека излагачот сам го избрал начинот и опциите на излагање за своите потреби и количината на маркетиншкиот материјал.

Излагачот може во било кој период а најдоцна до 20 дена пред почеток на манифестацијата да побара од организаторот зголемување на својот изложбен простор.Организаторот ќе се обиде да му излезе во пресрет на излагачот, но само доколку со тоа не се нарушува позиционирањето на другите излагачи и спонзори. Смалување на просторот после извршената уплата не е возможно.

Член 5

Организаторот се обврзува да превземе што подобри маркетиншки и ПР активности со кои ќе се привлечат посетители на манифестацијата ,,БЕБЕ саем,,.

Член 6

Почетокот на уредување, опремување и декорирање на изложбениот простор може да започне на 03.05.2012 во 12:00 часот, истото мора да биде завршено најдоцна до 20:00 часот истиот ден. Доколку излагачот порано заврши ќе мора да обезбеди лице кое ќе ги чува производите до 20:00 часот.
Рекламации за евентуален недостаток на изложбен простор мора да се пријави кај организаторот пред почетокот на уредување и опремување на изложбениот простор. Дополнителни рекламации нема да се земат во предвид.
Растурање на изложбениот простор треба да започне веднаш по затварање на манифестацијата и треба да биде завршено најдоцна до 12:00 часот на 07.05.2012. Излагачот е должен во тој период комплетно да го испразни својот изложбен простор како организаторот би можел да започне со понатамошна демонтажа на павиљоните. Доколку излагачот не го стори тоа, организаторот ќе го стори тоа за него и ќе ги складира производите на излагачот на трошок на излагачот.

Член 7

Директна продажба на услуги и производи е можна само доколку излагачот ги исполнува сите законски прописи за таа намена. Во наведениот случај излагачот се обврзува да во изложбениот простор ја има целата потребна документација која ја налагаат инспекциските служби. Доколку за наведените постапки дојде до било каков прекршок кај излагачот, организаторот не сноси никаква одговорност. За сите евентуални противзаконски дејности кои излагачот ги направил на својот изложбен простор, одговара само тој.

Член 8

Пушење и палење оган (пр. свеќа и сл.) на изложбениот простор најстрого се забранува.
Опасен отпаден материјал излагачот е должен сам да го депонира и однесе на за тоа одредени места.
Дозволено е пуштање на музика на изложбениот простор, но само доколку не прминува 40 децибели, како не би им сметало на останатите излагачи, односно настаните на централната бина или пак предавањата кои ќе се одржувааат на манифестацијата.
Се забранува било каков облик на политичко-пропагандни активности.
Служење и конзумирање на алкохол на манифестацијата е строго забрането.
Секоја со договоров недефинирана маркетиншка активност (поставување на банери, знамиња, делење на летоци, флаери, узорци и сл.) вон договорениот простор не е дозволено.

Член 9

Ако од било кои објективни причини времето и просторот на одржување на оваа манифестација мора да се променат, пријавата за учество односно овој договор важи за новиот термин односно простор.
Доколку од било какви објективни причини манифестацијата не се одржи, а излагачот ја извршил уплатата, организаторот е должен во целост да му го врати износот на излагачот. Излагачот нема право да бара било каква оштета од организаторот.

Член 10

На сите права и обврски на организаторот и излагачот кои не се наведени во овој договор, се применува законот за облигациони односи, Законот за закуп и продажба на простор како и други соодветни прописи на Република Македонија.

Член 11

Договорните страни не смеат да го одстапат, подиздаваат и пренесуваат правото од овој договор на трети лица без писмено одобрение на другата договорна страна.
Евентуални измени и дополнувања на овој договор ќе се сметаат за валидни само ако се составени во писмена форма и признати од двете договорни страни.

Член12

Договорните страни се обврзуваат една кон друга, да во случај на спорни прашања кои произлегуваат од овој договор и во врска со овој договор, најпрво ќе се разгледа можноста од решавање на спорните прашања спогодбено.
Доколку договорните страни не остварат спогодбено решавање на спорот надлежен е Основниот Суд во Скопје.

Член 13

Овој договор стапува на сила од денот на неговото потпишување од страна на претставниците на двете договорни страни.

Член 14

Овој договор е составен од 2 ( два ) еднакви примероци од кои по еден за секоја договрна страна

Скопје, ______________________

| | |
|---|---|
| ПАНЕКС | За Излагачот |
| ________________________ | ______________________________ |
| Златко Панков | Име и презиме на овластеното лице |
| ИНТЕРНАТИОНАЛ ЕКСПО ГРОУП | За Излагачот |
| ________________________ | ______________________________ |
| Лилјана Маркова | Име и презиме на овластеното лице |